ДРЖАВНА МАТУРА

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

ШИФРА НА КАНДИДАТОТ

ЗАЛЕПИ ТУКА

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

**Време за решавање: 240 минути**

**август 2017 година**

**Шифра на ПРВИОТ оценувач**

Запиши тука:

**Шифра на ВТОРИОТ оценувач**

ЗАЛЕПИ ТУКА

## УПАТСТВО ЗА КАНДИДАТОТ

Внимателно прочитај го упатството. Не испуштај ништо.
Залепи ја шифрата на означеното место на тестот (**„Шифра на кандидатот“**).
**Не врти страници** и не почнувај со решавање на задачите сè додека не ти каже надгледувачот.
Тестот содржи задачи.
На задачите се одговара на еден од следните начини:
- со заокружување на буквата пред точниот одговор;
- со дополнување;
- со подвлекување делови во приложените текстови (зборови, група зборови, реченици, пасуси).

Задачите се одговараат прво во тестот. Откако ќе завршиш со одговарањето на прашањата во тестот, **одговорите на задачите пренеси ги на листот за одговори**, според Упатството за пополнување дадено во него.
Внимавај на јазикот и на правописот во одговорите. **Пишувај читливо.** Нечитливите одговори и нејасните поправки се вреднуваат со нула (0) поени.
**И во тестот и во листот за одговори пишувај исклучиво со пенкало кое пишува сино и со кирилско ракописно писмо.** Одговорите на задачите напишани со молив се вреднуваат со нула (0) поени.
Препишувањето е најстрого забрането. Сите идентични или слични текстови, како и текстовите испишани со различни ракописи се вреднуваат со нула (0) поени.
Покрај секоја задача е даден бројот на поените за точниот одговор.
За делот Пишување предвидено е да напишеш еден текст на тема по твој избор. Тестаторот ќе ти даде дополнителен лист на кој се напишани предложените теми и упатствата на задачата според кои треба да пишуваш.
**Ти посакуваме многу успех!**

© ДИЦ 2017

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА
ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА
ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА
ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА
ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА ДРЖАВНА МАТУРА

**1** **Внимателно прочитај го извадокот и одговори на поставените прашања.**

- Ах! да бев богат, да го сочував мојот имот, да не бев им го дал, тие ќе беа овде, ќе ми ги влажнеа образите со своите бакнежи! Ќе живеев во палата, ќе имав убави соби, слуги, оган што сам сум си го платил; ќе плачеа облеани во солзи заедно со своите мажи и со своите деца. Ќе го имав сето тоа. Но, вака, ништо. Парата дава сè дури и ќерките. Оф! Каде се моите пари? Да имав да оставам богатство, тие ќе ме завиваа во облоги, ќе ме негуваа; јас ќе им го слушав гласот, ќе ги гледав. Ах! Мое мило дете, мое единствено дете, повеќе ја сакам оваа моја осаменост и беда! Кога несреќникот е сакан, барем е сосем сигурен оти го сакаат. Но, би сакал да сум богат, тогаш ќе ги видев. Богами, којзнае? Обете имаат срце од камен. Премногу ги љубев јас нив, затоа тие немаат љубов за мене. Таткото треба секогаш да е богат, треба да ги држи своите деца за узди како подмолни коњи. А јас клечев на колeници пред нив. Клетници, достојно го крунисаа своето десетгодишно поведение спрема мене. Да знете само како беа љубезни во првото време по своето мажење! -Уф! Многу се измачувам." На секоја ѝ дадов близу осумстотини илјади франкови, и тие не можеа, а ни нивните мажи, да бидат сурови спрема мене. Ме пречекуваа кај нив дома: „Добри татко, седни овде, мили татко седни онде". Мојата чинија секогаш беше ставена на маса кај нив. Вечерав заедно со нивните мажи кои се однесуваа со почит спрема мене. Мислеа оти уште имам нешто. Оти тогаш ништо не бев кажал за моите работи. Еден човек што им дава на своите ќерки по осумстотини илјади франкови е човек што заслужил да се гледа убаво. И тие беа крајно внимателни, но поради моите пари. Светот не е убав го увидов јас тоа! Ме водеа со кола во театар и навечер остранував кај нив до кога сакам. Со еден збор, тие им кажуваа на луѓето оти ми се ќерки и ме признаваа за татко. Јас, како што гледате, уште сум при свест и ништо не ми бега од умот. Сè беше заради парите и тоа ми го кинеше срцето. Гледав убаво оти тоа е лицемерство; но за злото немаше лек. кај нив јас не се чувствував толку пријатно како на масава, долу. Не знаев збор да кажам. А кога некој од тие свтски луѓе ќе ги запрашаше тивко моите зетовци „Кој е овој господин?"- „Тоа е таткото со жолтици, богат е." - „Ах, по ѓаволите!" велеа луѓето и ме гледаа со почит што им се укажува на парите. Но, ако ним им беше понекогаш малку незгодно поради мене, јас добро ги откупував моите мани! Впрочем, кој е совршен? (главата ми е рана)! Овој момент страдам од болки од кои обично не ми се страда кога се умира, драги мој господине Ежен, но ова не е ништо според болката што ми ја причини првиот чекор со кој Анастазија ми даде на знаење дека сум кажал некоја глупост со која сум се посрамил: нејзиниот поглед ми го распара срцето. Сакав сè да дознам, сè да научам, но единствено нешто што убаво го разбрав тоа е оти повеќе сум на земјава. Утредента отидов кај Делфина да се утешам и таму направив глупост што ја разлути. Бев како луд. Осум дена не знаев што да правам. Не се осмелував да отидам да ги видам од страв да не ме караат. И така се најдов избркан од куќите на моите ќерки. О, господе! Ти ги знаеш маките и страдањата што ги преживеав; ти си ги избројал бодежите што сум ги добил за ова време кое ме остари, ме измени, ме уби и ме оболе; зошто ме тераш да страдам и денес? Скапо го платив гревот што ги љубев премногу. Тие убаво ми вратија за моите чувства, ме мачеа како џелати. Но, татковците се многу будали, јас ги сакав толку многу што се враќав таму како коцкар кон коцката. Моите ќерки беа мојот порок; тие ми беа љубовници, со еден збор сè! Штом некоја од нив имаше потреба од нешто, од некој украс, собарките ми го кажуваа тоа, јас им го давав тоа за да ме пречекаат убаво! Па сепак, тие ми држеа мали проповеди за моето поведение пред светот. Ох! Тие не чекаа до утре. Веднаш почнуваа да се црвенеат поради мене. Ете што значи убаво да ги воспиташ своите деца. Меѓутоа, во моите години јас не можев да отидам на учи-

лиште. (Ужасно ми е лошо, господе! Доктори! Доктори! Нека ми ја отворат главата, ќе ми биде полесно!). Ќерки мои, ќерки мои! Анастазија! Делфина! Сакам да ги видам. Испратете жандармерија сосила да ги доведе! Правдата е на моја страна. Сè е на моја страна, и природните и граѓанските закони. Протестирам! Татковината ќе пропадне ако татковците бидат подгазнати. Тоа е познато. Општеството, светот, почиваат на татковството; сè ќе се сруши ако децата не ги сакаат своите татковци.

*Чичко Горио, Мисла, Скопје, 1972*

(1.1) **Определи ја темата на наведениот извадок.**

1 поен

(1.2) **До кога ќерките покажуваат интерес за својот татко?**

1 поен

(1.3) **Во која институција се случува дејството во наведениот извадок?**

1 поен

(1.4) **Која е причината за верноста на Ежен де Растињак кон чичко Горио?**

1 поен

(1.5) **Со што се занимавал чичко Горио во текот на својот живот?**

1 поен

(1.6) **Што студирал Ежен де Растињак?**

1 поен

(1.7) **Клучната грешка, според чичко Горио, во односот кон ќерките се состои во тоа што тој не успеал да ги**

1 поен

(1.8) **На кој книжевен правец припаѓа творештвото на Оноре де Балзак?**

1 поен

**2** **Прочитај ја песната „Утро“ од Матеја Матевски и одговори на поставените прашања.**

Го пробудија петлите
успаното сонце на сеното.

Од големиот стог
се стркала
сонцето
на пат
и уплашено од кучињата
се разбега низ тесните сокаци
криејќи се
зад малите прозорци на куќите.

Триејќи ги очите
селаните ги врзуваат немирните кучиња
за плот

И свирејќи
со косите на рамо
се разлеваат
со сонцето
по ливадите.

*Матеја Матевски. „Утро“, Дождови. Скопје: Мисла, 1998.*

**(2.1) Матеја Матевски е претставник на:** 1 поен

А. литературата на просветителството.
Б. романтизмот (преродбата) во Македонија.
В. македонската литература меѓу двете светски војни.
Г. повоената македонска литература.

**(2.2) На која стихозбирка не е автор Матеја Матевски?** 1 поен

А. „Рамноденица “.
Б. „Дениција“.
В. „Перуника “.
Г. „Дождови“.

**(2.3) Според организацијата на строфите песната „Утро“ е:** 1 поен

А. строфична.
Б. хетерострофична.
В. астрофична.
Г. хетерометрична.

**(2.4) Во првата строфа е употребена стилската фигура:** 1 поен

А. алитерација.
Б. анафора.
В. градација.
Г. персонификација.

**(2.5) Според мотивот песната е:** 1 поен

А. пејзажна.
Б. патриотска.
В. социјална.
Г. љубовна.

**(2.6) Во првата и втората поетска целина лирскиот субјект го опишува:** 1 поен

А. природните убавини.
Б. раѓањето на утрото.
В. животните и растенијата.
Г. луѓето и улиците.

**3** **Прочитај ги извадоците од романот „Пустина“ на Ѓорѓи Абаџиев и одговори на поставените прашања.**

(...) Во минути на смирување, кога спокојното размислување го потиснуваше трагичното чувство на безизлезност, Арсо се враќаше кон напрежните свои убедувања дека вистинската смисла на човечкото живеење е во непрекинлива акција, во непреодоливата волја на човекот да дејствува. Се обвинуваше себеси дека тој не бил и не може да биде никогаш способен да ја исполни таа тешка повелба. Спокојната и упорна решеност на Глигор да го употреби својот живот за постигање на идеалот што беше некогаш највисок врв на кој требаше да слета Арсо, му се чинеше само неостварен и никогаш неостварен сон. Во оние пркосни денови Арсо се сметаше себеси за непрекшлив револуционер, херој што ќе остави блескаво име за повеста на таа неразбирлива намачена и жестока земја. Тој само го извалка тоа име. Дејствуваше и гореше безумно и храбро и сам не е во состојба да објасни како падна во тоа тегобно смирување. Влезе во огнот, а неговиот дух беше премногу нужен за силни пламтења. Во дното на својата душа чувствуваше наслоена сива ладна пепел. Тој се срамнуваше со скршено од првиот истрел оружје, оставено засекогаш неупотребливо и мртво. Арсо ја префрлуваше во себе мислата узреана отскоро во него: Треба да остане и ќе остане само оној што ја менува својата судбина. Арсо не може повеќе. И страшно го измачуваше претпоставувањето дека никогаш не бил тоа што мислел да биде. Во дните на осаменост, со болна страст во себе, бараше одговор и решение на замрсени сомневања. Се зафатил за нешто што не било за неговиот ломлив дух. Не е способен веќе да избега од потполната очаеност. Глигор не треба да очекува ништо од него. Ама сосема ништо.

*Ѓорѓи Абаџиев. „Пустина“ Скопје: Мисла, 1988.*

(3.1) На кој период од историјата на македонската литература е претставник Ѓорѓи Абаџиев?

______________________________

______________________________

1 поен

(3.2) Од кој историски период е претставената тема во романот „Пустина“?

______________________________

______________________________

1 поен

(3.3) Од колку глави е составена наративната структура на романот „Пустина“?

______________________________

1 поен

(3.4) Кој женски лик во романот се појавува во менталната проекција на Арсо?

______________________________

1 поен

(3.5) На кои два романи е автор Ѓорѓи Абаџиев?

______________________________

1 поен

(3.6) Кој лик во романот дејствува активно, има желба да се пресметува и да го менува светот, најчесто е бесен и подготвен да се пресметува со тиранијата?

______________________________

1 поен

(3.7) Каков вид роман е „Пустина“ од Ѓ. Абаџиев со оглед на концентрацијата на авторот врз претставувањето на внатрешните доживувања на ликовите?

______________________________

1 поен

(3.8) Ако ликот Арсо смета дека смртта е начин за негово конечно ослободување, ликот на Глигор слободата ја разбира во однос со борбата во текот на

______________________________

1 поен

**4** **Која од наведените видови епски форми во проза е куса форма?** 1 поен

А. Роман.
Б. Расказ.
В. Еп.
Г. Поема.

**5** **Во изразот „горка радост“ е употребена стилската фигура:** 1 поен

А. оксиморон.
Б. метафора.
В. персонификација.
Г. метонимија.

**6** **Со исказот** *„Си бил еднаш еден човек кој бил многу сиромашен“* **започнува:** 1 поен

А. поговорката.
Б. гатанката.
В. сказната.
Г. народната песна.

**7** **Кој од наведените книжевни видови се пишува во стихови?** 1 поен

А. Еп.
Б. Патопис.
В. Новела.
Г. Дневник.

**8** **Делата кои во текот на животот ги создавал Ж. Б. П. Молиер се:** 1 поен

А. Романи.
Б. Драми.
В. Сказни.
Г. Поеми.

**9** **Според грчката митологија, првиот човек кој успеал да полета во воздухот бил:** 1 поен

А. Дедал.
Б. Икар.
В. Херакле.
Г. Ахил.

**10** **Во зборот *<u>младост</u>* морфемата *<u>-ост</u>* претставува:** 1 поен

А. афиксна морфема.
Б. коренска морфема.
В. зборообразувачка морфема.
Г. формообразувачка морфема.

**11** **Зборовната класификација која ја има предвид значенската страна на зборовите се вика:** 1 поен

А. семантичка класификација.
Б. формална класификација.
В. синтаксичка класификација.
Г. морфолошка класификација.

**12** **Првиот јазик на Словените се викал:** 1 поен

А. прасловенски
Б. црковнословенски
В. сесловенски
Г. старословенски

**13** **Определи го видот на зависнослосжената реченица:** 1 поен

*Уште пред да се соземе во темницата, тој се најде пред една скала.*

А. Причинска зависносложена реченица.
Б. Последична зависносложена реченица.
В. Временска зависносложена реченица.
Г. Односна зависносложена реченица.

**14** **Формообразувачки честички се:** 1 поен

А. барем, дури, просто.
Б. ќе, би, нека, по-, нај-.
В. токму, скоро, рамно.
Г. само, единствено, уште.

**15** **Најзначаен старословенски ракопис пишуван на глаголица е:** 1 поен

А. Зографското евангелие.
Б. Самуиловата плоча.
В. Варошкиот натпис.
Г. Битолската плоча.

**16** **Која именка може да се однесува и на лица од женски и на лица од машки пол?** 1 поен

А. Учител.
Б. Војвода.
В. Индивидуа.
Г. Пејач.

**17** **Која од наведените именки НЕМА множинска форма?** 1 поен

А. Јајце.
Б. Книга.
В. Битола.
Г. Идеја.

**18** **Кога од именката *тунел* ќе се образува множинска форма се јавува гласовната промена** 1 поен

________________________________________

**19** **Подвлечи го прилогот во реченицата:** 1 поен

*Малото детенце храбро пристапи кон непознатиот човек.*

**20** **Направи удвојување на предметот во реченицата:** 1 поен

*Учителката погледна кон дечињата и се обрати тивко.*

________________________________________

**21** **Повлечи го предлошкиот предмет во реченицата:** 1 поен

*Старицата фустанчето на Илина го соши со старата машина од таванот.*

**22** **Зборовите *шербет*, *гурабии*, *симиди* и *ѓевреци* според потеклото се** 1 поен

________________________________________

**23** **Потцртај го фразеолошкиот израз во реченицата:** 1 поен

*Таа постојано го влече за нос, а тој никако да ѝ се налути.*

**24** **Определи ја односната придавка во реченицата:** 1 поен

*Градскиот часовник исправен стоеше крај тесната улица и немо ги набљудуваше минувачите.*

________________________________________

**25** **Во зборовите *апарат*, *жетон*, *коментар* акцентот паѓа врз:** 1 поен

________________________________________

**26** **Определи каков прирок е употребен во реченицата:** 1 поен

*Детето почна да јаде сладолед.*

________________________________________

**27** **Новинарскиот стил се определува како потстил на** 1 поен

________________________________________

**28** **Последната статија од книгата „За македонцките работи“ од Крсте Петков Мисирков носи наслов** 1 поен

________________________________________

**29** **Предмети и лица што се оддалечени од говорното лице, но сепак се во неговиот видокруг се посочуваат со заменките** 1 поен

________________________________________

**30** **Основен реченичен член на простата реченица е** 1 поен

________________________________________

**31** **Внимателно прочитај го текстот и заокружи ги точните одговори.**

## БИОЕНЕРГИЈА

Зборот биоенергија потекнува од грчкиот збор: bios - живот и енергија -работа, дело. Биоенергијата му е позната на човештвото од далечното минато и таа како што е употребувана тогаш, се употребува и денес. Се користи за лекување на многу болести или за ублажување на болките кај различните болести. Со обезбедување на природната енергија, а без употреба на медикаменти и апарати се прави пренесување на нашата природна енергија во телото на пациентот со користење на рацете, а притоа тој не се допира.

Во теоријата за архетиповите, К. Г. Јунг вели дека човекот е психоенергетско суштество и дека неговото здравје многу зависи од тоа како енергијата циркулира во неговото тело, односно што мисли, што чувствува, што сака итн.

Како што спомнавме погоре, биоенергијата му е позната на човештвото од старите времиња. Индијците ја познаваат оваа енергија од пред 5 000 години и ја нарекуваат „прана“. Оваа универзална енергија тие ја определуваат како извор на животот. Во јога вежбите и денес се работи со оваа енергија, станува збор за совладување на техниката за дишење, медитација и физичките вежби со цел да се одржи организмот во здрава состојба и спокојство.

Кинезите ја познаваат оваа енергија и ја нарекуваат Чи. Според нивната филозофија, целата жива и нежива материја е составена и полна со оваа енергија. Енергијата Чи содржи две полиња на сила, Јинг и Јанг кои кога се во рамнотежа во живиот систем (во организмот), тој е здрав, но кога помеѓу нив има дисхармонија (нерамнотежа), како резултат на таквата состојба, ние сме болни.

Кабалата, како мистично верување на Евреите, се појавила 450 години пред Христос и говори за оваа енергија како за блескава светлина, односно како за светлина на астероидите. Христијанството ја портретира сликата на Исус и други духовни фигури како фигури кои се обвиткани со светлина (ореол) кога се на Земјата. Многу стари текстови како што се тибетските, потоа текстовите на будистите во Индија, зен – будистите во Јапонија, потоа Рудолф Штајнер и многу други личности кои ја проучувале духовната енергија, зборуваат и ја опишуваат оваа енергија.

Во почетокот на XII век било воочено дека некои луѓе имаат енергија која што може да поттикнува на акција и од далечина. Тие спомнуваат дека еден човек со сопствената волја може да предизвика позитивни или негативни ефекти кај друга личност без да оствари физички контакт со неа.

Исто така и Парацелзус во средниот век укажува дека оваа енергија е соодветна на моќта на животот и материјата.

Феноменот на „универзалната енергија“ во 1800 година го забележува и Месмер кој врз основа на оваа енергија го создал месмеризмот. Подоцна Месмер оваа енергија ја опишува како хипноза.

Вилхелм фон Рајхенбах поминал триесет години експериментирајќи и расправајќи за т.н. „привлечна сила“. Тој открива дека човечкото тело има моќ да произведува поларитет идентичен на оној што се наоѓа во кристалите. Како основа на овој експеримент, Рајхенбах ја опишува левата страна на телото како наклонета кон негативната енергија, а десната страна наклонета кон позитивната енергија. Овој систем е, речиси, ист со кинескиот систем означен преку односот Јинг и Јанг.

Во 1919 година доктор Вилијам Килнер ги публикува своите истражувања за човечката енергија и вели дека ја набљудувал преку обоени екрани и филтри. Тој пишува дека забележал три слоја од замаглувања околу човечкото тело. Оваа обвивка тој ја именува со името аура.

Килнер, исто така, открива дека појавата на аурата кај луѓето е различна, тоа е феномен кој зависи од годините, менталните способности, од емоционалната и од здравствената состојба. Врз основа на ова, Килнер го пронаоѓа методот за воспоставување дијагноза врз основа на боите, содржината и изгледот на обвивката околу телото или аурата.

**(31.1) Зборот биоенергија потекнува од:** 1 поен

А. грчкиот јазик.
Б. персискиот јазик.
В. латинскиот јазик.
Г. санскритот.

**(31.2) Биоенергијата лекува болести или ги олеснува болките со:** 1 поен

А. медикаменти.
Б. физикални терапии.
В. природна енергија.
Г. посебни апарати.

**(31.3) Според Карл Г. Јунг, здравјето на човекот зависи од:** 1 поен

А. начинот на исхраната.
Б. примањето терапија.
В. физичките активности.
Г. циркулацијата на енергијата во неговото тело.

**(31.4) Како Индијците ја определуваат биоенергијата?** 1 поен

А. Како единствен начин за лекување.
Б. Како извор на животот.
В. Како спас за живот.
Г. Како најстара терапија.

**(31.5) Кинезите биоенергијата ја нарекуваат:** 1 поен

А. прана.
Б. Кабала.
В. Чи.
Г. Иластер.

**(31.6) Како Месмер ја опишува биоенергијата?** 1 поен

А. Како здравје за телото.
Б. Како хипноза.
В. Како привлечна сила.
Г. Како разорувачка сила.

**(31.7) Кој поминал триесет години експериментирајќи и расправајќи за т.н. привлечна енергија?** 1 поен

А. В. Килнер.
Б. Месмер.
В. Фон Рајхенбах.
Г. Бурак и Либер.

**(31.8) Обвивката на телото на човекот, според објаснувањата за биоенергијата, е составена од неколку слоја. Вилјам Килнер овој феномен го нарекува:** 1 поен

А. аура.
Б. ореол.
В. месмеризам.
Г. астрална светлина.

**(31.9) Кога Парацелзус укажува дека биоенергијата е соодветна на моќта на животот и материјата?** 1 поен

А. Во антиката.
Б. Во дваесет и првиот век.
В. Во осумнаесеттиот век.
Г. Во средниот век.

**(31.10) Колку слоеви замаглувања околу човекот забележал Вилјам Келнер?** 1 поен

А. Еден.
Б. Два.
В. Три.
Г. Четири.

**32** **Внимателно прочитај го текстот и одговори на поставените прашања.**

## ДАЛИ МОЖЕ ДА СЕ ВРШИ ТРАНСФЕР НА МОЗОКОТ?

Многу е интересно да го замислиш мозокот како еден биолошки компјутер со ткивата во улога на хардвер и функцијата на мозокот во улога на софтвер. Кога би било така, трансферот на мозокот може да биде нешто што би можело да се постигне на технички начин сѐ додека се користат системите на електроди за постигнување на такво нешто. Но, според експертите, самото одделување на мозокот од индивидуата, од телото е неостварливо.

Индивидуата е во самата структура, според Чарлс Хигинс, невролог и електроинженер на Унивезитетот Аризона, таква што во неа постои врска меѓу 100 милјарди неврони и посебна форма на нервни клетки кои реагираат и кои се рецептори и со тоа говори за одделување на мозокот.

Иако хирурзите би можеле со успех да направат трансплатација на мозокот, би им требало да го трансплатират и ‘рбетот, инаку би ја ставиле под ризик дотогашната меморија на човекот во која се имплементирале определени содржини.

Решението на проблемот за трансплантација на мозокот, продолжува понатаму Хигинс, би било клонирањето. Еден клон со идентичен централен нервен систем можеби би имал можност да биде стимулиран со електрични сигнали за да се однесува како оригиналот.

Но, клонирањето на човекот досега е само фантастична идеја, бидејќи невролозите досега регистрирале само еднодимензионални врски на 100 000 неврони – што во целина се еднакви на големината на мозокот на рибата.

Тоа што научниците можеле да го направат досега е репрограмирање на мозокот таму каде што се наоѓа.

На Универзитетот Колумбија невролозите имплантирале стимуланси во длабочината на мозокот кај луѓето со депресија кои не можеле повеќе да се лечат со конвенционални методи.

Со користењето на електричните импулси врз одредени зони на мозокот, симптомите на болеста кај определени пациенти веднаш изчезнале. По две години овие луѓе што биле дел од истражувањата и им биле имплантирани стимуланси против депресија, изјавиле дека целосно се излечиле од депресија.

„На ова поле научниците можат да пронаоѓаат и други можности што порано не би можело да се замисли да се достигнат. Може да се случи да се пронајдат случајно во моментот кога се прави обид да му се помогне на пациентот со епилепсија или ако се симулира еден визуелен мотив во видниот контекст кај пациентот да прекине епилептичната криза. Тоа значи дека се создава одредена меморија за проблемот, за болеста и таа се совладува“, заклучува Хигинс.

*(Извадок од Shekulli)*

**(32.1)** **Како може да се направи трансфер на мозокот?**

______________________________________________

______________________________________________

1 поен

**(32.2)** **Научниците велат дека одделувањето на мозокот е**

______________________________________________

1 поен

**(32.3)** **Чарлс Хигинс во неговата изјава за врската помеѓу 100 милијарди неврони и посебната форма на нервните рецептори говори за**

______________________________________________

1 поен

**(32.4)** **Ако се изврши успешна трансплантација на мозокот, што би требало потоа да се направи?**

______________________________________________

______________________________________________

1 поен

**(32.5)** **Според истражувањата на Ч. Хигинс, што би било решение за трансплантација на мозокот без да се оштети наталожената човековата меморија?**

______________________________________________

1 поен

**(32.6)** **Што можат да направат научниците досега со апаратурата што ја поседуваат?**

______________________________________________

______________________________________________

1 поен

**(32.7)** **Што имплантирале научниците од Универзитетот Колумбија?**

______________________________________________

______________________________________________

1 поен

**(32.8)** **Што изјавиле луѓето со депресија две години по направената имплантација на стимуланси?**

______________________________________________

1 поен

**33** **Тестаторот ќе ти даде дополнителен лист на кој се дадени две теми. Избери <u>една тема</u> и:**

**13 поени**

- напиши текст од 350 до 500 збора;
- почитувај ги правилата за композицијата на текстот (воведен дел, главен дел и заклучок);
- почитувај ги правилата на стандардниот јазик;
- мислите искажи ги јасно и поврзано со употреба на факти и аргументи;
- употреби соодветна лексика и стил во согласност со видот на текстот кој го пишуваш.

| јазик | |
|---|---|
| 1 | 2 |
| композиција на текстот | |
| 1 | 2 |
| содржина | |
| 1 | 2 |

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*